

# РАЗБИРАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ И РАБОТА СО ДЕЦА ВО РИЗИК

Програма за континуирана професионална едукација

*Прилози и обрасци*

Проф. д-р Сунчица Димитријоска

Скопје, март 2023

Овој прирчник е подготвен со финансиска поддршка на Канцеларијата на УНИЦЕФ во Р.С. Македонија, во соработка со ЈУ Завод за социјални дејности, Скопје како Техничка помош во развојот на содржина и модули за обука на стручните лица во социјалните служби за дигитална платформа за учење.
Ставовите изразени во овој прирачник се ставови на авторите и не треба на кој било начин да се сметаат за одраз на официјалните ставови на УНИЦЕФ. Заклучоците изразени во прирачникот се заклучоци на авторите и не треба да се сметаат за одраз на ставовите на УНИЦЕФ.

unicef
for every child

# СОДРЖИНА

***ОБРАСЦИ*** ..... ***3***

***ТЕХНИКИ, АЛАТКИ И СКАЛИ ЗА ПРОЦЕНКА ВО РАБОТА СО ДЕЦА ВО РИЗИК*** ..... ***3***

*Образец 1: Шаблон за Генограм* ..... 4
*Образец 2: Шаблон за Еко мапа* ..... 5
*Обрасци 3: Прашалници и Скали* ..... 7
*Образец 4: Рамка за анализа и проценка на ризик (преку примена на моделот „најдобар интерес на детето“)* ..... 10
*Образец 5: Техника/алатка „ТРИ КУЌИ“* ..... 12
*Образец 6: МАТРИЦА НА ОТПОРНОСТ* ..... 18

***ПРИЛОЗИ*** ..... ***19***

*Прилог 1: Конвенција на ООН за правта на детето (лесно читлива верзија)* ..... 20
*Прилог 2: Социјална заштита на деца во ризик* ..... 23
*Прилог 3: Општествена заштита на деца - Права за заштита на деца (краток преглед)* ..... 29
*Прилог 4: Извадок од Лондонскиот одбор за заштита на деца – препознавање злоупотреба* ..... 33
*Прилог 5: Оценување* ..... 39

# ОБРАСЦИ

## *Техники, алатки и скали за проценка во работа со деца во ризик*

## *Образец 1: Шаблон за Генограм*

Инструкции: кликнете на форма, а потоа кликнете со десното копче на глувчето за да го промените типот на формата или да додадете друга форма на вашиот генограм. Користете го менито SmartArt за повеќе опции




**Референца за линии на емоционална врска**

| Позитивни | Млаки/Слаби | Стресно | Рамнодушни |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Многу блиски | Отуѓени | Конфликтни | Занемарување |
| | | | |
| Емоционална злоупотреба | Сексуална злоупотреба | Физичка злоупотреба | |
| | | | |

## *Образец 2: Шаблон за Еко мапа*

Уредете ги линиите во шаблонот користејќи ги овие референтни линии за да ги користите за прикажување врски:

| Позитивни | Млак/Слаб | Стресно |
|---|---|---|
| ———— | - - - - - - - | ╫╫╫╫╫╫╫ |

По желба може да се користат стрелки за да се прикаже протокот на ресурси или енергија помеѓу врските и поединецот или семејството. Уредете го текстот внатре во круговите за вашите потреби.

НАПОМЕНА: При користење на оваа алатка се препорачува да се направи посебна екомапа за детето и посебна за семејството.



# Пример за пополнување Екомапа



*Обрасци 3: Прашалници и Скали*



1) **Прашалници за силните страни и тешкотиите** (Goodman, 1997; Goodman et al, 1998). Овие скали се модификација на многу широко користените инструменти за проверка на емоционални и бихејвиорални проблеми кај децата и адолесцентите - скалата Ратер А + Б за родители и наставници. Иако е слична на онаа на Ратер, формулацијата на прашалникот за силните страни и тешкотии е преработена за да се фокусира на емоционалните и бихејвиоралните јаки страни на детето, како и на тешкотиите. Вистинскиот прашалник вклучува пет скали: *просоцијални*, *хиперактивност*, *емоционални проблеми*, *проблеми со однесувањето* и *проблеми со врсниците*. Во пакетот има верзии на скалата што треба да ја пополнат родители/старатели и/или наставници за деца од 3 до 10 години и од 11 до 16 години. Овие прашалници во практиката се користат и во стручната работа со деца со попреченост и нивните наставници, родители/старатели.
   **Достапно на следниот** линк Дел е од документот ОПШТИ СТАНДАРДИ ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ КАДАР ВО ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО Р.МАКЕДОНИЈА, ПРИ ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ ВО ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА (2011), ЈУ Завод за социјални дејности (стр. 19) достапно на слениот линк

2) **Скала за станбени услови** (C.E.Davie, S.J.Hutt, E.Vincent & M.Mason,1984; N.Zegarac i T.Ignjatovic,2010). Се користи за проценка на потребите, безбедносни и сredински ризици на детето/корисникот и е дел од ОПШТИ СТАНДАРДИ ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ КАДАР ВО ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО Р.МАКЕДОНИЈА, ПРИ ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ ВО ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА (2011), ЈУ Завод за социјални дејности (стр.8) достапно на слениот линк

3) **Скала за проценка на емоционалната состојба на адолесцентот** - P. Birleson (1980); N.Zegarac i T.Ignjatovic (2010). Се користи за проценка на емоционалната состојба и однесување на адолесцентите и социјалните односи кај младите. Содржана е во документот ОПШТИ СТАНДАРДИ ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ КАДАР ВО ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО Р.МАКЕДОНИЈА, ПРИ ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ ВО ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА (2011), ЈУ Завод за социјални дејности (стр. 33) достапно на слениот линк

4) **Конерсова скратена скала за проценка** (C.K.Conners,1990; N.Zegarac i T. Ignjatovic, 2010). Се користи во стручната работа за проценка на хиперактивност и пореметување на вниманието. Содржана е во документот ОПШТИ СТАНДАРДИ ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ КАДАР ВО ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО Р.МАКЕДОНИЈА, ПРИ ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ ВО ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА (2011), ЈУ Завод за социјални дејности (стр. 35) достапно на слениот линк

5) **Прашалник за родителски надзор -** Barber,B.K.(1996); Zegarac N. i Ignjatovic T.(2010). Се користи за проценка на односите родител-дете, деца и млади во судир со пошироката социјална средина. Дел е од документот ОПШТИ СТАНДАРДИ ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ

КАДАР ВО ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО Р.МАКЕДОНИЈА, ПРИ ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ ВО ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА (2011), ЈУ Завод за социјални дејности (стр. 37) достапно на слениот линк

6) **Скала на секојдневни потешкотии на родителите -** K.A. Crinc&Greenberg (1990); Crnic&Booth (1991); N. Zegarac i T. Ignjatovic (2010). Се користи за проценка на безбедност од ризици на занемарување или злоставување на децата од страна на родителите и увид во релацијата родител-дете. Содржана е во документот ОПШТИ СТАНДАРДИ ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ КАДАР ВО ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО Р.МАКЕДОНИЈА, ПРИ ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ ВО ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА (2011), ЈУ Завод за социјални дејности (стр. 39) достапно на слениот линк

7) **Прашалник на неодамнешни настани -** T.S.Brugha, P.E.Bebington, C.Tennant and J.Hurry (1985); N.Zegarac i T.Ignjatovic (2010). Се користи за проценка на семејно функционирање и кризни настани. Дел е од документот ОПШТИ СТАНДАРДИ ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ КАДАР ВО ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО Р.МАКЕДОНИЈА, ПРИ ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ УСЛУГИ ВО ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА (2011), ЈУ Завод за социјални дејности (стр. 43) достапно на слениот линк

## *Образец 4: Рамка за анализа и проценка на ризик (преку примена на моделот „најдобар интерес на детето“)[1]*

Техниката е уште позната како „Слика за детето и семејството“ (Child and Family Snapshot). Во себе ги содржи проценката на ризик, проценка на безбедноста и проценка на потребите/силните страни на детето и семејството. Се применува одреден образец (види во прилог подолу).

Овој образец визуелно ги прикажува податоците кои вие како стручни работници кои работите со деца во ризик ги прибирате при својата стручна работа од децата и нивните семејства. Образецот овозможува систематизација на прибраните податоци, опфаќајќи ги областите: развој, безбедност и стабилност и нивно групирање во четири полиња:

1) Вид и сериозност на штетата кај детето
2) Веројатност за промена и повторување на постоечкиот ризик
3) Силни страни и заштитни фактори
4) Ранливоста на детето

[1] Best interests case practice summary guide (2012) Children Youth and Families Division of the Victorian Government, Department of Human Services достапно на линк

**Рамка за анализа и проценка на ризик преку примена на моделот „најдобар интерес на детето“**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОДЛУКА/И**

***Вид и сериозност на штетата***

Размислете за: штетата и нејзиниот кумулативен ефект; тековен ризик и грижи; родителска историја во однос на браќата и сестрите

***Веројатност***

Размислете за променливата семејна динамика и другите комплицирачки фактори.

Може ли родителот/ите или старателите/и да им дадат приоритет на потребите и безбедноста на детето? Кои се ограничувањата?

Која е веројатноста детето да претрпи значителна штета во иднина ако ништо не се промени?

**СТАБИЛНОСТ**

**Што е најдоброто нешто да се направи сега/во моментов? Зошто?**

_______________________

_______________________

_______________________

**РАЗВОЈ**

***Силни страни и заштитни фактори***

Кои се моменталните заштитни фактори? Кои се силните страни во семејството што го зголемуваат потенцијалот за безбедност?

***Ранливост***

Размислете за развојот, темпераментот, однесувањето, медицинските состојби, посебните потреби и мислењето на родителите/старателите за детето.

**БЕЗБЕДНОСТ**

## *Образец 5: Техника/алатка „ТРИ КУЌИ“*[2]

Алатката „Три куќи“ е создадена од Ники Велд (Nicki Weld) и Меги Грининг (Maggie Greening) во Нов Зеланд (2004). Тоа е практичен метод за проценки за заштита на децата и планирање во работата со деца во ризик (Weld, 2015). Базирана е на симболот на куќа што претставува личност или семејство. Истакнува како алатката Три куќи (вклучувајќи куќа на ранливост, куќа на сили и куќа на надежи и соништа) може да се користи за да се добијат информации за децата и семејствата. Методот „Три куќи“ ги зема трите клучни прашања за проценката и планирањето на знаците за безбедност: за што сме загрижени; што функционира добро и што треба да се случи/промени- и ги лоцира во три куќи за да ги направи проблемите подостапни за децата. Стручните работници можат да ја користат оваа алатка за да соберат информации од децата за проценка, преку пополнување на следниот образец:

**Приказ на пополнет образец “Три куќи“**




[2] Прирачник за проценка најдобриот интерес на корисникот/детето кој е прикачен и на web-страната на ЈУ Завод за социјални дејности достапен на следниот линк

Чекорите за користење на алатката „Три куќи“ вклучуваат:

1) Секогаш кога е можно, информирајте ги родителите или старателите за потребата од интервјуирање на децата, објаснете им го процесот на трите куќи и добијте дозвола да ги интервјуирате децата.
2) Донесете одлука дали да работите со детето со/без присутни родители или старатели.
3) Објаснете му ги трите куќи на детето користејќи по еден лист хартија за секоја куќа.
   „Во првата куќа ќе ги запишеме твоите грижи, она што прави да чувствуваш некоја тежина во себе. Значи тоа е куќата на грижите. Во втората куќа ќе ги ставиме работите што ти се допаѓаат во животот, тоа е куќата на добрите работи и потоа ќе имаме куќа од соништата каде што може да пишуваш или црташ работи кои посакуваш да ги имаш во твојот живот (доколку се решат сите твои грижи).“
4) Користете зборови и цртежи што се соодветни и сè друго што ќе ви користи и ќе ви помогне да го вклучите детето во процесот.
5) Редоследот можете да го смените и да започнете со „куќата на добрите работи“, особено кога детето е вознемирено или делува несигурно.
6) Откако ќе завршите, добијте дозвола од детето да им ги покажете куќите и на другите – родители или старатели, пошироко семејство, професионалци.
7) Презентирајте ја завршената проценка на три куќи на родителите/старателите, обично почнувајќи со „куќата на добрите нешта.
   НАПОМЕНА: Ова можете да го направите само во случај ако претходно сте се осигурале дека нема безбедносни прашања за детето при презентирањето на другите.

Проценката на ризик дава само слика на тековните ризици и предвидените веројатни ризици, така што ќе треба постојано да се прегледува кога ќе се појават дополнителни информации. Тоа треба да ги реши овие прашања за семејството (Bromfield & Miller, 2012):

- Кои се ризиците, силните страни и заштитните фактори за детето во ова семејство?
- Дали родителите/старателите можат да им дадат приоритет на безбедноста и развојните потреби на детето пред нивните сопствени желби и ограничувања?
- Дали родителите или старателите обезбедуваат одговорна, респонзивна, постојана и доверлива грижа?
- Дали родителите се погодени од нетретирани ментални здравствени проблеми, злоупотреба на супстанции, сиромаштија, насилство или траума?
- Со соодветна поддршка, дали родителите веројатно ќе можат да обезбедат соодветно ниво на грижа за своите деца?
- Што треба да се промени од гледна точка на секое дете и член на семејството за да се овозможи безбедност, стабилност и здрав развој на децата?
- Ако околностите се подобрат во семејството, што ќе забележите што е различно - што би имало повеќе/помалку?
- Дали членовите на семејството можат да го направат она што им е потребно за да се постигне посакуваната промена?

**Приказ на празен образец „Три куќи“**



# Лист 1



Куќа на грижи

# Лист 2



Куќа на убави
нешта

# Лист 3



Куќа за која
сонувам

## *Образец 6: МАТРИЦА НА ОТПОРНОСТ*[3]

1. ДИМЕНЗИЈА НА ЗАШТИТНИЧКИ И ОТЕЖНУВАЧКИ ФАКТОРИ

2. ДИМЕНЗИЈА НА ЗАГРОЗЕНОСТ – ИЗДРЖЛИВОСТ




[3] Ibidem линк

# ПРИЛОЗИ

## *Прилог 1: Конвенција на ООН за правата на детето (лесно читлива верзија)*

**Членови 1- 42**

1. Конвенцијата ги опфаќа сите деца и млади до возраст од 18 години.
2. Конвенцијата важи за сите деца, без оглед кои сте и кои се вашите родители. Ова значи дека мора да бидете еднакво третирани без оглед каква боја имате или од која вера сте, кој јазик го зборувате, дали сте машко или женско, дали имате попреченост или колку сте богати или сиромашни. Владата мора да се погрижи секое дете да се третира исто.
3. Кога луѓе како наставници, социјални работници или полицијата одлучуваат за вас, треба секогаш да направат што е најдобро за вас. (Најдобар интерес на детето)
4. Ако владата мора, таа треба да ги промени законите за да си го одржи ветувањето.
5. Владата мора да разбере дека вашите родители и семејство се важни луѓе во вашиот живот. Таа мора и да сфати дека општо, како што станувате постари, така сте поспособни сами да одлучувате.
6. Секое дете има право на живот и можности, коишто ќе ви помогнат да се развиете.
7. Имате право да имате име и да имате запис за тоа, кој се чува на безбедно. Имате и право да бидете член на некоја земја. Ова е познато како ваше државјанство.
8. Имате право да го сочувате државјанството и името.
9. Треба да можете да живеете со родителите. Не треба да бидете одвоени од нив, освен ако тоа не е за ваше добро. Ако не живеете со двајцата родители, имате право да одржувате контакти со нив онолку долго колку што тоа е безбедно.
10. Ако, поради некоја причина, вие или вашите родители живеете во различни земји, имате право да заминете или да одите во друга земја за да живеете заедно.
11. Не треба да бидете киднапирани. Ако сте, вашата влада треба да направи сè што може за да ве врати.
12. Имате право да имате мислење и да ве ислушаат. Ако се донесува одлука што ќе влијае врз вас, тогаш имате право да кажете што мислите и возрасните да ве сфатат сериозно.
13. Имате право да кажете што мислите или чувствувате и ова може да го направите на многу начини, преку зборување, пишување, уметност, облекување или стил. Важно е тоа што го кажувате или правите да не им ги одзема правата на другите. Исто така, имате право да барате и да добивате информации за работи што ве интересираат.
14. Имате право да изберете своја религија и да имате свои верувања и мислења. Вашите родители може да ве насочуваат во ова, но како што станувате постари, мора да се почитува вашата способност да го правите тоа сами за себе.
15. Имате право да запознавате луѓе и да се спријателувате со други, и да се приклучувате кон клубови или организации. Имате и право да учествувате во состаноци, мирни маршеви или демонстрации, доколку тоа не ги засега правата на другите луѓе.

16. Имате право на приватен живот, на пр., е-пошта, приватни писма и телефонски повици. Ова е особено важно за млади што живеат на места како центри за социјална заштита или болници, каде ваквиот вид приватност понекогаш тешко се остварува.
17. Имате право да добивате информации од многу различни места. Овие информации треба да бидат дадени на начин што го разбирате. Информациите што може да бидат штетни за вас не треба лесно да се добиваат.
18. Родителите ја имаат главната одговорност да ве чуваат и да се грижат за вас. Владата мора да им помогне да го прават тоа.
19. Имате право да бидете заштитени од секаква штета, вклучувајќи физичка и ментална злоупотреба. Дури ни вашите родители немаат право да ве повредуваат. Ако ви се наштетува, владата мора да направи нешто околу тоа.
20. Ако не можете да живеете со семејството, владата мора да ви даде да живеете некаде на друго место, каде ќе имате посебна заштита, затоа што не можете да бидете со семејството. Кога таа го прави ова, мора да размислува за вашите религиозни и културни потреби.
21. Ако ве посвојуваат, ова мора да се уреди на начин што е најдобар за вас.
22. Ако морате да ја напуштите земјата затоа што за вас не е безбедно да живеете таму (т.е. ако сте бегалец), тогаш владата на земјата каде што сте се преселиле мора да ви даде заштита и помош.
23. Ако имате попреченост, имате право да уживате ист живот како и другите деца и млади. Владата мора да обезбеди дополнителна грижа и образование за да ви овозможи да бидете колку што е можно понезависни.
24. Имате право на најдобар вид здравствена заштита, како медицина, доктори и болници. Здравствената едукација е важен дел од ова и треба да биде дел од училишната работа.
25. Ако сте на место како центар за социјална заштита, владата мора редовно да проверува дали тоа сѐ уште е најдобриот избор за вас.
26. Имате право да добиете бенефиции од системот за социјално осигурување на владата.
27. Имате право на добар стандард на живеење; ова значи топло место за живеење, храна и облека. Владата мора да ги поддржи вашите родители да ви го обезбедат ова.
28. Имате право на образование, коешто треба да биде бесплатно во основно училиште. Кога правилата и прописите на вашето училиште се осмислуваат и се ставаат во функција, тоа мора да се прави на начин којшто ве третира со почит.
29. Училиштето во кое одите мора да ви даде шанси да ја развиете целата своја личност, вештини и таленти. Тука не се работи само за испити и тестови. Преку ова, тоа треба да ве подготви за живот кога ќе го напуштите училиштето.
30. Без оглед од која култура доаѓате, имате право да ја славите својата култура и да можете да ги практикувате својата религија и јазик.
31. Имате право да играте и да се забавувате, доколку тоа не ги засега правата на другите луѓе.
32. Ако работите, тоа треба да биде безбедно и да се следат владините упатства, како на пр., колку часа треба да работите. Треба соодветно да бидете платени за својата работа. Оваа работа не треба да се меша со вашето образование.
33. Имате право да бидете заштитени од опасни дроги и од вклученост во правење или продавање на тие дроги.

34. Владата мора да ве заштити од сексуална злоупотреба. Никој не смее да му прави на вашето тело ништо што не сакате, на пример, да ве допира или да ве фотографира.
35. Владата мора да ве заштити од киднапирање или продавање.
36. Имате право да не ве искористуваат на каков било начин којшто веќе не е споменат во членовите 32-35, на пример, членовите од вашата заедница да не ве заплашуваат и присилуваат.
37. Ако дојдете во контакт со законот, имате право да ве третираат праведно и на начин што ја зема предвид вашата возраст. Ако сте го прекршиле законот, во затвор треба да одите само како последно прибежиште и не треба да ве ставаат во затвор со возрасни. Ако сепак отидете в затвор, треба да ви биде дозволено да имате редовен контакт со вашето семејство.
38. Ако сте под петнаесетгодишна возраст, не треба од вас да се бара, ниту да ве присилуваат да одите во војска. Ако се води борба во вашата земја, вие мора да бидете заштитени и не треба да се бара од вас да учествувате во вооружено војување.
39. Ако поради војна сте биле тешко повредени или лошо третирани на кој било начин, имате право да добиете соодветно лекување што ќе ви помогне да бидете подобро.
40. Ако сте биле обвинети дека сте направиле кривично дело, имате право да се браните со правна помош. Судот и полицијата треба да се погрижат во секое време да разбирате што се случува. Тие треба да ве задржат во полициска станица само како последно прибежиште и колку што е можно пократко.
41. Конвенцијата не е совршена и ги содржи минималните права што треба да ги имате. Ако во вашата земја постои закон што е подобар од Конвенцијата, тогаш владата треба да работи според него.
42. Сите возрасни и млади луѓе треба да знаат за Конвенцијата и таа да им биде објаснета како се применува на животот на децата и младите.

43-54 Има 11 други членови, кои ѝ кажуваат на владата и на возрасните што треба да направат за да ја воспостават Конвенцијата и да ви го подобрат животот.

## *Прилог 2: Социјална заштита на деца во ризик*

Дејноста на социјалната заштита на деца се обезбедува преку остварување на права на парична помош од социјална заштита и обезбедување социјални услуги и други мерки уредени со Закон за социјалната заштита.

### *2.1. Права на парична помош од социјална заштита*[4]

1) *Гарантирана минимална помош (ГМП)* е право на домаќинство[5] кое е материјално необезбедено и нема во сопственост имот и имотни права од кои може да се издржува, чии вкупни просечни приходи во последните три месеци се пониски од висината на утврдената ГМП. Висината на ГМП се пресметува како основица за еден член на домаќинството во висина од 4.000 денари месечно, зголемена за коефициент од еквивалентната скала за другите членови на домаќинството, и тоа: вториот член за коефициент од 0,5; третиот член за коефициент од 0,4; четвртиот член за коефициент од 0,4; и петтиот член за коефициент од 0,2. Еквивалентна скала се зголемува за коефициент од 0,1 за дете член на домаќинството, 0,5 за самохрана жена за време на бременоста еден месец пред породувањето и самохран родител [6]до започнување на основното образование на детето, но најдоцна до седумгодишна возраст на детето, а заклучно до третото дете. ГМП се исплатува во висина на разликата од утврдениот износ на ГМП и вкупните просечни месечни приходи по сите основи на домаќинството, остварени во последните три месеци.
2) *Паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството* остварува домаќинство кое користи ГМП, за месеците од октомври до март во тековната година. Месечниот износ на висината на додатокот изнесува 1.000 денари.

**Домаќинство со деца кое користи ГМП, остварува и права за заштита на децата, во согласност со Законот за заштита на децата.**

3) *Надоместок на плата за скратено работно време* (НПСРВ). Правото на НПСРВ поради нега на дете со попреченост и најтешки облици на хронични заболувања, утврдено со Законот за работни односи, родителот го остварува во центарот за социјална работа, без оглед на возраста на детето. Висината на НПСРВ изнесува 50% од просечната нето плата за полно работно време

[4] Закон за социјална заштита („Сл. Весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/19).
[5] „Домаќинство“ е едночлено домаќинство или заедница на членови на семејството, како и други роднини меѓу кои не постои законска обврска за меѓусебно издржување, кои заеднички живеат, придонесуваат, стопанисуваат и трошат.
[6] „Самохран родител“ е родител кој сам ги врши родителските права и должности за детето, поради тоа што другиот родител е непознат, починат, исчезнат или од оправдани причини привремено или трајно не ги извршува родителските права и должности.

на родителот исплатена во претходната година, односно 100% од просечната нето плата за скратно работно време исплатена во претходната година, но најмногу до 50% од просечната нето плата во Република Северна Македонија за претходната година.

4) *Додаток за домување (ДД)* се обезбедува на материјално и станбено необезбедени лица, и тоа: корисник на гарантирана минимална помош и лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст.
5) *Траен надоместок (ТН)* во висина од 8.000 денари се обезбедува за згрижувач кој згрижувал лице во своето семејство и родител кој се грижел за дете со попреченост. Правото го остварува згрижувач кој згрижувал лице во своето семејство најмалку петнаесет години, по наполнување на 62 години на живот за жена, односно 64 години на живот за маж, кој е невработен и не користи право на пензија по која било основа. Правото го остварува и родител кој се грижел за дете со попреченост до неговата 26-годишна возраст, без истото да користи услуга на вонсемејна социјална заштита, кој е невработен и не користи право на пензија, по наполнување на 62 години на живот за жена, односно 64 години на живот за маж.
6) *Еднократна парична помош или помош во натура*[7] се доделува на лице или на семејство кое се нашло во состојба на социјален ризик, како и на лице и семејство поради претрпена природна непогода или епидемија и подолго лекување во здравствена установа на член на семејството, како и во случаи на вонредно загрозување на населението од поголеми размери. Износот на еднократната парична помош може да изнесува од 4.500 до 30.000 денари, во зависност од потребите на семејството утврдени со закон.
7) *Интервентна еднократна парична помош* остварува лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст. Износот на оваа помош е во висина до 180.000 денари, заради вклучување во социјалната средина, по напуштање на установата или згрижувачкото семејство.
8) *Здравствена заштита* остварува: корисник на гарантирана минимална помош, кое е лице неспособно за работа; корисник на надоместок поради попреченост; корисник на надоместок за помош и нега од друго лице; лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита; корисници на вонсемејна заштита; лице-жртва на семејно насилство за кое се презема мерка на заштита во согласност со прописите од областа за превенција, спречување и заштита од семејно насилство; и лице жртва на трговија со луѓе, само доколку не можат да се стекнат со осигурување по друг основ.

### 2.2. Социјална превенција[8]

Мерките на социјална превенција се реализираат за заштита од социјални ризици, спречување на појавата на социјални проблеми и ублажување на последиците од настанатите социјални проблеми на граѓаните. Мерките на социјална превенција се реализираат во соработка помеѓу установите за социјална заштита, предучилишни, образовни, здравствени установи,

[7] Ibidem

полициски станици, единицата на локалната самоуправа и други државни органи, правни и физички лица и здруженија. Мерките на социјална превенција во контекст на заштитата на деца опфаќаат:

- рано откривање на деца во социјален ризик, со социјални потешкотии или проблеми и обезбедување пристап до стручна помош и поддршка;
- превентивни увиди кај социјално ранливи деца, заради согледување на социјалната ситуација и превенција на појава на социјални проблеми;
- организирање едукативни настани, дебати, трибини, кампањи и проекти за превенција на социјални проблеми; организирање волонтерски активности за помош на социјално ранливи групи во локалната заедница;
- поттикнување и помош во воспоставување групи за поддршка и самопомош на граѓани со сродни социјални проблеми и
- други превентивни активности за заштита од социјални ризици и спречување на појавата на социјални проблеми.

### *2.3. Социјални услуги* [9]

Социјалните услуги кои се обезбедуваат во вид на нематеријална помош се насочени кон заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните. Во согласност со Законот за социјална заштита сите категории на граѓани, вклучително и децата, може да ги користат следните социјални услуги:

1) **Услуги на информирање и упатување** опфаќаат информирање на граѓаните за правата од социјална заштита и расположливите социјални услуги, првична процена и упатување до други институции, со цел остварување непречен пристап до правата и услугите.
2) **Услуги на стручна помош и поддршка** опфаќаат помош и поддршка за надминување на индивидуални и семејни проблеми преку процена, планирање, интервенции за заштита и евалуација, како и следење на состојбата по завршување на интервенциите, со цел зајакнување на корисниците, промоција на нивниот непречен развој, обезбедување и одржување на добросостојбата и независноста и нивно долгорочно оспособување за самостојно надминување на социјалните проблеми.
3) **Услуги на советување** опфаќаат советодавна, односно советувалишна работа, со цел превенирање, ублажување и надминување на последиците од настанатите социјални проблеми на поединец и семеј ство, и тоа: подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејство, брачно/партнерско советување за партнери со нарушени односи; советување при развод на брак; семејна медијација за семејства со нарушени семејни односи; психо-социјална поддршка за жртви на семејно насилство; психо-социјален третман на сторители на семејно насилство; и други специјализирани видови на советувања.
4) **Услуги во домот** се услуги за обезбедување помош и нега во домот на лице со привремено или трајно намален функционален капацитет, со цел овозможување на

[9] Ibidem

лицето да продолжи да живее во сопствениот дом и превенција на потребата од вонсемејна заштита, и тоа: помош и нега во домот и лична асистенција.

- Со услугата *помош и нега во домот*, се обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот до 80 часа месечно, за лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе, со цел да се оспособи корисникот за самопомош, односно да ја врати, да ја стекне или да ја одржи способноста самиот да се грижи за себе, за да продолжи да живее во сопствениот дом и да води независен живот во заедницата.
- Услугата *лична асистенција* опфаќа индивидуална помош и поддршка за лица од 18 до 65-годишна возраст, со намален функционален капацитет, со цел да се овозможи независно и самостојно живеење, активно и рамноправно учество во заедницата, како и вршење секојдневни активности, кои лице без попреченост вообичаено ги врши без поддршка.

5) **Услуги во заедницата** опфаќаат услуги на дневен, привремен престој, ресоцијализација, рехабилитација, реинтеграција на корисници, одмена на семејна грижа и куќа на пола пат, заради превенција, згрижување и заштита, а со цел овозможување на корисникот да продолжи да живее во сопствениот дом, односно заедницата и превенција на потребата од вонсемејна заштита.

- *Услугата за дневен престој* опфаќа дневно згрижување, индивидуални активности за стекнување животни и работни вештини, социјални, културни и рекреативни активности, едукација, социјална поддршка на лицата и нивните семејства и други сродни активности. Корисници на услугата се деца во ризик, лица со попреченост, маргинализирани лица, стари лица и други лица со специфични социјални проблеми.
- *Услугата за рехабилитација и реинтеграција* на лица кои се соочуваат со социјални и/или здравствени проблеми се обезбедува преку психо-социјална поддршка, терапевтска работа, работно-окупациона терапија, поддршка за стекнување работни вештини и вештини за вработување, реинтеграција и самостојно живеење. Корисници на услугата се: деца во ризик, лица со попреченост и маргинализирани лица со специфични социјални и здравствени проблеми.
- *Услугата за ресоцијализација* се обезбедува преку советодавна работа, индивидуална, семејна и групна терапија, образовна поддршка, придружба, едукации за развој на вештини, спорт, рекреација, творештво, поддршка за стекнување работни вештини и вештини за вработување и други услуги на ресоцијализација, во зависност од потребите на корисниците. Услугата за деца во ризик и деца во судир со законот се обезбедува во центар за деца, во согласност со Законот за правда за децата.
- *Услугата за привремен престој* обезбедува заштита и стручна помош на лица кои се наоѓаат во кризна состојба заради надминување на состојбата и нивна социјална интеграција. Корисници на услугата се: дете кое ќе се затекне без родителска грижа или како скита, дете жртва на злоупотреба, жртва на семејно насилство и родово базирано насилство, жртви на трговија со луѓе, бездомници. Услугата се обезбедува во времетраење

до три месеци, со можност за продолжување уште за три месеци, а во исклучителни случаи кога состојбата не е надмината до една година.

- *Услугата за одмена на семејна грижа* обезбедува краткотрајно згрижување на зависни членови од семејството заради одмена, одмор и задоволување на лични и професионални потреби на членови на семејството кои се грижат за нив. Услугата може да се обезбеди и во домот на корисникот. Корисник на услугата е член на семејството кој се грижи за старо лице, лице со попреченост и друго болно и изнемоштено лице, кое не може самостојно да ги врши основните и инструменталните активности од секојдневниот живот. Услугата за одмена на семејна грижа која се реализира со трошоци надоместени од центарот за социјална работа се обезбедува во времетраење до 15 дена во една календарска година.
- *Куќа на пола пат* обезбедува помош, поддршка и подготовка за самостојно живеење на лица кои претходно биле под вонсемејна заштита, немаат свој дом или услови за живот во својот дом, заради нивна реинтеграција во општеството. Услугата се обезбедува во текот на сместувањето или веднаш по престанокот на сместувањето. Корисници на услугата се: дете без родители и родителска грижа, дете по напуштање на воспитна установа за ресоцијализација, возрасни лица по издржување казна затвор, лица со попреченост, зависници од алкохол и дроги по спроведен третман за лекување и други лица со специфични социјални проблеми кои имаат потреба од подготовка за самостоен живот.

6) **Услуги на вонсемејна заштита** обезбедуваат основна заштита која опфаќа: сместување, помош и поддршка од стручни лица, згрижување, исхрана, облека, здравствена заштита, и други услуги во зависност од видот на корисниците, кои немаат услови за живеење во своето семејство или од други причини им е потребна вонсемејна заштита. Услуги на вонсемејна заштита се:

- *Живеење со поддршка* се обезбедува во посебна станбена единица со помош од стручни или други лица во остварување на основните и инструменталните активности во секојдневниот живот. Помошта и поддршката може да биде повремена, дневна или 24-часовна, во зависност од потребите на корисникот. Корисници на услугата се: лица со попреченост и деца без родители или родителска грижа над 14-годишна возраст, а најдоцна до завршување на средното образование, заради оспособување за самостоен живот и интеграција во општеството. Во станбена единица за живеење со поддршка може да се сместат најмногу до пет лица, односно седум деца без родители или родителска грижа.
- *Згрижување во семејство* опфаќа основна заштита и 24-часовна грижа за деца и возрасни лица кои немаат свое семејство или немаат услови за живот во сопственото семејство. Згрижувањето може да се обезбеди како општо, специјализирано, повремено, интервентно или роднинско згрижување. Сместување во установа опфаќа основна заштита која обезбедува: згрижување, 24-часовна помош и поддршка од стручнилица, исхрана, облека и обезбедување здравствена заштита, во зависност од утврдените потреби на корисникот, кој нема услови за живеење во своето семејство или од други причини му е потребна вонсемејна заштита.

- *Услугата за сместувањето во установа* за деца, стари лица, лица со попреченост и баратели на азил покрај основната заштита, обезбедува пристап до образование, стекнување животни вештини, работно оспособување и професионална рехабилитација, социјални, културни и рекреативни активности, во зависност од потребите на корисниците на услугите.

  Услугата за сместување на деца во судир со законот на возраст од 14 до 18 години со изречена мерка упатување во воспитна установа, во согласност со прописите од областа за извршување на санкциите и упатување во соодветна установа во согласност со закон, освен основната заштита, опфаќа и ресоцијализација, реинтеграција, воспитание, пристап до образование и образовна поддршка, организирано минување на слободното време и други услуги за ресоцијализација. Услугата се организира во воспитна установа за деца, во согласност со Законот за правда на децата.

  Услугата за сместување лица со попреченост, лица кое имаат проблем со зависности и други маргинализирани лица, кои имаат потреба од спроведување на третман и рехабилитација, покрај основната заштита, им се обезбедува, третман и рехабилитација, работно-окупациона терапија, поддршка за стекнување работни вештини и вештини за вработување, реинтеграција и самостојно живеење, во зависност од потребата на корисникот.

  Услугата за сместување на деца без родители и родителска грижа, малолетни родители со деца, самохрана невработена бремена жена еден месец пред породувањето и самохран родител до тримесечна возраст на детето, стари лица, лица со попреченост во групен дом, обезбедува основна заштита за најмногу 10 лица.

  Сместување на дете во ученички дом или друга установа, доколку се оцени дека тоа е во најдобар интерес на детето да го продолжи задолжителното образование за: дете без родители и дете без родителска грижа, до оспособувањето за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршувањето на средното образование, ако не постојат можности згрижувањето и воспитанието да се обезбеди на друг начин и дете во ризик, дете од домаќинство кое користи гарантирана минимална помош и дете жртва на семејно насилство.

  Сместувањето во установа може да се реализира и како интервентно сместување, при што се обезбедува заштита во кризна состојба, а најдолго до 30 дена или привремено сместување кое се обезбедува за дете, за кое во моментот кога е настаната потребата не може да му се обезбеди сместување во згрижувачко семејство. Привременото сместување може да трае до обезбедување на сместување во згрижувачко семејство, друга форма на заштита или враќање во сопственото семејство, а најдолго до шест месеци. Во случај кога на детето му е потребен стручен третман или здравствена услуга, сместувањето може да трае до една година.

На корисник кој поради специфичната социјална или здравствена состојба има потреба за сместување и за постојана здравствена нега и грижа, може да му се обезбеди социјално-здравствена услуга. Во зависност од потребите на корисникот, услугите од социјална заштита можат да се даваат истовремено и комбинирано со услугите кои ги даваат образовните,

здравствените и други установи, за што се склучува протокол за меѓусекторска соработка помеѓу надлежните министерства и/или установите.

## *Прилог 3: Општествена заштита на деца – Права за заштита на деца (краток преглед)*[10]

Краток преглед на основата и бенефициите кои ги остваруваат корисниците во рамки на права за заштита на деца:

1) **Детски додаток**
   - *Основа/цел:* Детски додаток е право на детето и се обезбедува како паричен надоместок за покривање на дел од трошоците за подигање и развој на детето.
   - *Целна група:* Дете до наполнување 18 години живот, а живее во домаќинство кое не поседува имот и имотни права од кои може да се издржува и доколку е на редовно школување.
   - *Бенефиции*: Право на детски додаток има дете во семејство чии вкупни просечни месечни приходи9 остварени во последните три месеци пред поднесување на барањето и во текот на користењето на правото по сите основи на сите членови во домаќинството се во висина до прагот за пристап на правото на детски додаток, кој е поставен на 6.000 (шест илјади) денари, а кој се зголемува за секој член на домаќинството за коефициент од еквивалентната скала, а најмногу за вкупно осум члена во домаќинството, и тоа за: вториот член за коефициент од 0,5, третиот член за коефициент од 0,4, четвртиот член за коефициент од 0,4, петтиот член за коефициент од 0,2, шестиот член за коефициент од 0,1, седмиот член за коефициент од 0,1 и осмиот член за коефициент од 0,1.
2) **Посебен додаток:**
   - *Основа/цел:* Цел на ова право е да ги обезбеди основните финансиски средства за дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или во интелектуалниот развој, или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот.
   - *Целна група:* Дете со:
     - тешки, потешки или најтешки пречки во телесниот развој,
     - умерена, тешка или длабока ментална попреченост,
     - најтешки облици на хронични заболувања,
     - најтежок степен на оштетување на видот, слухот или говорот (слепо лице и практично слепо лице, практично глуво и тотално глуво лице, лице со потполно отсуство на говорот, лице со тешко оштетен говор поради детска парализа, лице со аутизам и лице со оштетен или изгубен порано стекнат говор),
     - Даунов синдром и
     - повеќе видови на пречки (комбинирани) во развојот..

[10] Закон за заштита на децата („Сл. весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 10/15, 25/15, 150/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19).

Право на посебен додаток остварува родителот или старателот на детето доколку и родителот (старателот) и детето се со постојано место на живеење во Република Северна Македонија и ако детето е државјанин на Република Северна Македонија, како и лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита кое има дете со пречки во развојот и со посебни потреби.

- *Бенефиции*: Висината на посебниот додаток изнесува 5.021 денари. Износот на посебниот додаток се зголемува за 50% и изнесува 7.531 денари за самохран родител кој има дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот. Износот на посебниот додаток се зголемува за 25% и изнесува 6.276 денари за материјално необезбедени родители, кои се корисници на гарантирана минимална помош кои имаат дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот.

3) **Еднократна парична помош за новороденче**
- *Основа/цел:* Да обезбеди основни финансиски средства за опрема за првото и второ новородено дете.
- *Целна група:* Семејство/еден од родителите на прво и второ живо новородено дете и посвоени деца на возраст до една година.
- *Бенефиции*: Висината на еднократната парична помош за прво новороденче изнесува 5.000 денари. Висината на еднократната парична помош за второ новороденче изнесува 20.000 денари. Висината на еднократната парична помош се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика во јануари за тековната година. Во случај кога нема пораст на трошоците на живот за претходната година, не се врши усогласување на висината на еднократната парична помош од ставовите.

4) **Родителски додаток за дете**
- *Основа/цел:* Со ова право се обезбедуваат финансиски средства за мајка која има свое трето живородено дете.
- *Целна група:* Родителски додаток за дете остварува мајка за своето трето живородено дете. Правото го остварува мајка која е државјанин на Република Северна Македонија со постојано место на живеење во последните три години пред поднесување на барањето. Правото се остварува доколку вкупниот просечен приход на семејството на мајката по сите основи во последните три месеци пред поднесување на барањето за остварување на користењето на правото и во текот на користењето на правото е понизок од висината на минималната нето плата утврдена за претходната година.
- *Бенефиции*: Родителскиот додаток за трето дете се исплатува месечно, за период од десет години, во висина од 8.048 денари. Износот се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика во јануари за тековната година. Во случај кога нема пораст на трошоците на живот за претходната година, не се врши усогласување на висината на родителски додаток за трето дете.

5) **Додаток за образование**

- *Основа/цел:* Додаток за образование се обезбедува заради покривање на дел од трошоците на домаќинството поврзани со образованието на децата.
- *Целна група:* Право на додаток за образование има домаќинство со дете кое е на редовно школување во основно или средно образование во училишта во Република Северна Македонија верификувани од Министерството за образование и наука и запишани во Централниот регистар на Република Северна Македонија и во Регистарот на Министерството за образование и наука, чии вкупни просечни месечни приходи остварени во последните три месеци пред поднесување на барањето и во текот на користењето на правото по сите основи на сите членови во домаќинството се во висина до прагот за пристап на правото на додаток за образова ние, кој е поставен на 6.000 денари, а кој се зголемува за секој член на домаќинството за коефициент од еквивалентната скала, а најмногу за вкупно осум члена во домаќинството и тоа за:
  - вториот член за коефициент од 0,5,
  - третиот член за коефициент од 0,4,
  - четвртиот член за коефициент од 0,4,
  - петтиот член за коефициент од 0,2,
  - шестиот член за коефициент од 0,1,
  - седмиот член за коефициент од 0,1 и
  - осмиот член за коефициент од 0,1.

  Еквивалентната скала се зголемува дополнително за коефициент од 1,2 за самохран родител. Право на додаток за образование има и домаќинство со дете кое е на редовно школување во основно или средно образование во училишта во Република Северна Македонија верификувани од Министерството за образование и наука и запишани во Централниот регистар на Република Северна Македонија и Регистарот на Министерството за образование и наука, кое остварило право на гарантирана минимална помош во согласност со Законот за социјалната заштита. Право на додаток за образование има и старател на дете без родители и без родителска грижа кое не е сместено во установа за вонсемејна социјална заштита.
- *Бенефиции*: Висината на додатокот за образование изнесува 700 денари месечно за ученик во основно образование и 1.000 денари месечно за ученик во средно образование во текот на учебната година. Висината на додатокот за образование се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во

  јануари за тековната година. Во случај кога нема пораст на трошоците на живот за претходната година, не се врши усогласување на висината на додатокот за образование.

  Правото на додаток за образование се остварува доколку детето е запишано како редовен ученик во основно или средно училиште. Правото на додаток на образование се користи за дете кое:
    - присуствува на најмалку 85% од вкупниот број на реализирани наставни часови, и
    - не користело додаток за образование за истата учебна година.

Исплатата на додатокот за образование се врши на мајката, за чие дете/деца се исплатува додатокот за образование за тековната наставна година. Доколку на мајката од оправдани причини не може да ѝ се исплати додатокот за образование, исплатата се врши на таткото за чие дете/деца се исплатува додатокот за образование. Оправдани причини се кога мајката:

- не е жива,
- го напуштила детето,
- е на издржување казна затвор,
- е на континуирано болничко лекување повеќе од три месеци,
- е со сериозно нарушена здравствена состојба,
- е со одземена деловна способност.

6) **Додаток за образование на лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа**

- *Основа/цел:* Лице кое до својата 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа а е редовен ученик во средно училиште има право на додаток за образование.
- *Целна група:* Право на додаток за образование има и лице кое до својата 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа а кое е запишано како редовен студент на некој од јавните високообразовни установи во Република Северна Македонија, за секоја редовна студиска година, најдоцна до 26-годишна возраст. Лицето кое ќе се запише на втор циклус магистерски студии има право на додаток за образование за времетраењето на магистерските студии на јавните високообразовни установи во Република Северна Македонија, но најмногу до три години од денот на запишувањето. На лицето додатокот за образование му престанува доколку ја презапише студиската година, односно се запише на иста студиска година на друга јавна високообразовна установа. Правото може повторно да се оствари со запишување на следната студиска година на ист циклус на студии. Лице кое ќе се запише на трет циклус докторски студии има право на додаток за образование за времетраењето на докторските студии на јавните високообразовни установи во Република Северна Македонија, но најмногу до шест години од денот на запишувањето.
- *Бенефиции*: Висината на додаток за образование за високо образование, како и за последипломски и докторски студии изнесува 12.000 денари месечно, ако лицето користи социјален стан под закуп, односно 24.000 денари месечно, ако лицето не користи социјален стан под закуп. Висината на додатокот за образование се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година. Во случај кога нема пораст на трошоците на живот за претходната година, не се врши усогласување на висината на додатокот за образование.

7) **Партиципација**

- *Основа/цел:* Во зависност од материјалната состојба на семејството се обезбедува партиципација во трошоците за згрижување и воспитание и одмор и рекреација на деца во јавна установа за деца.
- *Целна група:* Правото на партиципација се остварува за дете на кое материјалната состојба на семејството е нарушена поради претрпена природна непогода (пожар, поплава, земјотрес и друго).

  Правото на партиципација во јавна установа за деца - детска градинка се остварува за дете од семејство на самохран родител (ако еден од родителите е починат или не е познат или му е одземено родителското право или ако од други причини едниот родител е спречен да го врши родителското право), со плата и други месечни приходи во износ до минималната плата утврдена со закон.
- *Бенефиции*: Партиципацијата се обезбедува во цената на услугата по дете што ја плаќа родителот и се обезбедува од Буџетот на Република Северна Македонија.

  Висината на правото е еднаква на цената на услугата во јавната установа за деца што ја плаќа родителот. Партиципацијата се обезбедува од Буџетот на општината и општината на град Скопје на чие подрачје е седиштето на установата.

## *Прилог 4: Извадок од Лондонскиот одбор за заштита на деца - препознавање злоупотреба*

***Препознавање на злоупотреба и занемареност***

1.3.1 Факторите опишани подолу често се среќаваат во случаи на злоупотреба или занемарување на деца. Нивното присуство не е доказ дека имало злоупотреба, но:

- Мора да се сметаат за показатели за можност од значителна штета;
- Укажуваат на потреба од внимателна проценка и дискусија со лицето назначено од органот за заштита на деца;
- Може да има потреба од консултации и/или упатување во социјално згрижување на деца или полиција.

1.3.2 Отсуството на вакви показатели не значи дека немало злоупотреба или запуштање.

1.3.3 Во однос со злоупотреба, детето може да:

- Изгледаат исплашено од родителот;
- Се однесува на начин несоодветен за својата возраст и фаза на развој.

1.3.4 Можно е родителот:

- Упорно да избегнува или пропушта рутински детски здравствени услуги или лекување кога детето е болно;
- Да има нереални очекувања од детето;
- Често се жалат на детето и може да не посветуваат доволно внимание и да даваат пофалби (силно критикување и недоволно топлина);
- Да е отсутен или да го остава детето да го чуваат несоодветни лица;
- Да имаат проблеми со менталното здравје со кои не се справуваат;
- Да злоупотребуваат супстанци;
- Постојано да одбиваат пристап при посети во домот;
- Постојано да избегнуваат контакт со службите или да го одложуваат почнувањето или продолжувањето на третманот;
- Да се вмешани во домашно насилство;
- Да не обезбедат соодветно образование за детето.

1.3.5 Стручните лица треба да бидат свесни за потенцијалниот ризик за децата кога поединци (возрасни или деца) за кои се знае или постои сомневање дека претходно злоупотребувале деца, ќе се вселат во домаќинството. Видете акција 5.18. нанесување на повреда на други и акција 13. Управување со ризик од познати сторители.

Препознавање на физичка злоупотреба

1.3.6 Следниве често се сметаат за загрижувачки показатели:

- Објаснување што не одговара на повредата;
- Неколку различни објаснувања за повредата;
- Необјаснето одложување на барање лекарска помош;
- Родителите се незаинтересирани или невознемирени од несреќа или повреда;
- Родителите се отсутни без добра причина кога нивното дете доаѓа на лекување;
- Повторени појавувања со лесни повреди (коишто може да претставуваат ‘крик за помош’ и ако се игнорираат може да водат кон посериозни повреди);
- Често користење на различни лекари или ургентни центри;
- Колебливост да се дадат информации за претходни повреди.

Модринки

1.3.7 Децата може да имаат модринки од несреќни случаи, но следниве мора да се сметаат за показатели на нанесена повреда, освен ако нема адекватни докази или објаснувања за спротивното. Само педијатриска проверка на таквите објаснувања може да биде доволна да отстрани сомневања од следниве знаци:

- Модринки на бебе што сè уште не лази или не проодело;

- Модринки на или околу устата, особено кај мали бебиња, што може да е знак на присилено хранење;
- Две помодрени очи истовремено, без помодрување на челото, (ретко е несреќен случај, иако едно помодрено око може да биде и несреќен случај и злоупотреба);
- Повторни или повеќекратни модринки на главата или на места што е слабо веројатно дека би се повредиле со несреќен случај;
- Варијација во боите што може да укажува на повреди нанесени во различен период;
- Контура на употребениот предмет (на пр. белези од ремен, отпечаток од дланка или четка за коса);
- Модринки или кинење околу или зад ушите што укажува на тегнење или извиткување;
- Модринки околу лицето;
- Белези на зграпчување кај мали деца;
- Модринки на рацете, задникот и бутините може да бидат показател на сексуална злоупотреба.

Белези од гризнување

1.3.8 Гризнување може да остави јасни отпечатоци од забите. Траги од човечко гризнување се во форма на овал или полумесечина. Ако се со дијаметар над 3cm поверојатно е дека ги предизвикал возрасен или постаро дете.

1.3.9 Треба да се бара медицинско мислење ако има сомневање околу потеклото на гризнувањето.

Изгореници и пликови

1.3.10 Може да биде тешко да се разликуваат изгореници што се и што не се случајни, и секогаш ќе треба медицинско мислење. Секоја изгореница со јасна рамка може да е сомнителна, на пр.:

- Кружни изгореници од цигари (но може да се работи и за изгореници од триење по должината на коскестите испапченици на 'рбетот);
- Линеарни изгореници од вжештени метални шипки или електрични грејни елементи;
- Изгореници со воедначена длабочина на поголема површина;
- Изгореници што имаат линија што укажуваат на потопување во течност (дете што само ќе влезе во врела вода ќе се бори да излезе и ќе има знаци на прскање);
- Стари лузни од претходни изгореници или пликови што не биле соодветно лекувани и за кои нема објаснување.

1.3.11 Изгореници на задникот на мало дете, особено во отсуство на изгореници на стапалата, укажуваат на потопување во врела течност.

Скршеници

1.3.12 Скршениците може да предизвикаат болка, отекување и губење на бојата врз коската или зглобот, и загуба на функција на екстремитетот или зглобот.

1.3.13 Деца што не се подвижни ретко доживуваат скршеници.

1.3.14 Постои основ за загриженост ако:

- Дадената историја е неодредена, непостоечка или неконзистентна со видот на скршеницата;
- Има придружни стари скршеници;
- Се бара лекарска помош по период на одложување кога скршеницата предизвикала симптоми како отекување, болка или неможност на движење;
- Необјаснета скршеница во првата година од животот.

Лузни

1.3.15 Голем број на лузни или лузни од различни големини или старости, или на различни делови од телото, може да укажуваат на злоупотреба.

Препознавање на емоционална злоупотреба

1.3.16 Емоционалната злоупотреба може да биде тешка за препознавање, бидејќи знаците се во однесувањето, не се физички.

1.3.17 Показателите за емоционална злоупотреба често се поврзуваат и со други знаци на злоупотреба. Затоа стручните лица треба да бидат свесни дека емоционална злоупотреба може да укажува на присуство и на други видови на злоупотреба.

1.3.18 Следниве се можни показатели за емоционална злоупотреба:

Заостанување во развојот;

- Абнормално приврзување меѓу дете и родител (на пр. анксиозно, неселективно или непостоење на приврзување);
- Неселективно приврзување или неприврзување;
- Агресивни однесувања кон другите;
- Смирувачки однесувања кон другите;
- Служи како жртвено јагне vo семејството;
- Замрзнато набљудување, особено кај предучилишни деца;
- Ниска самопочит и немање самодоверба;

- Повлеченост или сметан/а за 'самотник' – тешко стапува во односи со други.

Препознавање на сексуална злоупотреба

1.3.19 Сексуална злоупотреба може да биде многу тешка за препознавање и пријавувањето на сексуална злоупотреба може да биде крајно трауматично искуство за едно дете. Од тие причини стапките на идентификација и пријавување се нереално ниски.

1.3.20 Момчиња и девојчиња од сите возрасти може да бидат сексуално злоупотребувани и често се плашат да проговорат било што поради чувство на вина и/или страв. Според една неодамнешна студија, три четвртини (72%) од сексуално злоупотребуваните деца не кажале никому за тоа во времето кога се случувало. 27% од децата кажале некому подоцна, а околу една третина (31%) сеуште не кажале никому за тие нивни искуства до рано полнолетство.

1.3.21 Ако дете пријави сексуална злоупотреба, многу е важно да се сфатат сериозно. Наводите често може да бидат посредни, бидејќи детето ја тестира реакцијата на стручното лице. Можно е да нема физички знаци и показателите може да се емоционални или во однесувањето.

1.3.22 Показатели во однесувањето што може да им помогнат на стручните лица да утврдат сексуална злоупотреба вклучуваат:

- Несоодветно сексуализирано однесување;
- Сексуално експлицитно однесување, играње или разговор, несоодветни за возраста на детето;
- Контактно или бесконтактно сексуално штетно однесување;
- Постојана и несоодветна или претерана мастурбација;
- Себеповредување (вклучително нарушувања на исхраната), себесакатење и обиди за самоубиство;
- Вмешаност во сексуална експлоатација или неселективен избор на сексуални партнери;
- Анксиозна неподготвеност да се соблече, на пр. за спортски настани (но ова може да е поврзано со културни норми или физички потешкотии).

1.3.23 Физички показатели поврзани со сексуална злоупотреба на деца опфаќаат:

- Болка или чешање во гениталната зона;
- Крв на долната облека;
- Бременост кај дете;
- Физички симптоми како што се повреди во гениталната или аналната зона, модринки на задникот, стомакот и бутините, сексуално преносива болест, присуство на сперма во вагината, анусот, надворешните гениталии или облека.

1.3.24 Сексуалните престапници немаат заеднички профил, и важно е стручните лица да избегнат припишување на важност на било какви стереотипи за нивното однесување или минато. Иако медиумите често се фокусираат на ‘опасност од непознати’, истражувањата покажуваат дека можеби и до 80% од сексуалните престапи се случуваат во контекст на однос со познато лице, роднина, познаник или колега. [Grubin. D (1998). Sex offending against children: understanding the risk. Police Research Series. Paper 99. Home Office]

Препознавање на запуштање

1.3.25 Ретко се случува изолиран инцидент да доведе до замешување на органите за заштита во семејство што запушта деца. Доказите за запуштеност се собираат во подолг временски период. Затоа стручните работници треба да соберат хронологија и да разговараат за сомневањата со други органи кои можеби се во контакт со семејството, за да утврдат дали навидум минорни инциденти се всушност делови од поширока шема на запоставувачко родителство.

1.3.26 Кога работат во области каде сиромаштијата и лишеноста се вообичаени, стручните лица може да станат десензибилизирани за некои од показателите на запуштање. Меѓу нив спаѓаат:

- Згрижувачите или родителите да не ги задоволуваат основните физички потреби (т.е. адекватна или соодветна храна, облека, топлина, хигиена и здравствена заштита);
- Згрижувачите или родителите да не ги задоволуваат основните емоционални потреби (т.е. да се чувствуваат сакани и ценети, да живеат во безбедна и предvидлива домашна средина);
- Ако детето е млитаво, апатично или не реагира без медицинска причина за тоа;
- Детето не расте на очекуван начин, и губи на тежина;
- Детето добро вирее кога е далеку од домашната средина;
- Детето често отсуствува од училиште;
- Детето го оставаат со несоодветни згрижувачи (на пр. премлади лица или сосема непознати лица);
- Дете оставено со возрасни кои се пијани или насилни;
- Детето е напуштено или оставено само предолго време.

1.3.27 Децата и младите со попреченост/инвалидитет може да бидат особено ранливи на запуштање (видете дел 5.10. Деца со попреченост/инвалидитет) поради зголеменото ниво на грижа што можеби им е потребно.

1.3.28 Иако запуштањето може да биде свесно како чин на злоупотреба од страна на родител, ретко е чин на намерна суровост. Запуштањето обично се дефинира како пропуст во грижата од страна на родителот на детето, често поради незадоволена една или повеќе потреби на самиот родител.

Во нив спаѓа домашно насилство (видете дел 5.11), проблеми со ментално здравје (видете дел 5.29), проблеми со учењето (видете дел 5.30), злоупотреба на супстанци (видете дел 5.31), или општествена изолација/исклученост (дел 5.1.1 до 5.1.4), овој список не е исцрпен.

Кога нудат поддршка и услуги на овие родители, од клучно значење е стручните лица да одржуваат јасен фокус на потребите на детето.

4.4 Потенцијален ризик по неродено дете

1.4.1 Во некои околности, органите или поединците се во можност да предвидат изгледи за значителна штета или повреда во однос на неродено бебе (на пр. домашно насилство, злоупотреба на супстанци од страна на родителот или слабо ментално здравје).

1.4.2 Овие проблеми треба да се разгледаат во најраната можна фаза пред раѓањето, со цел да може да се направи целосна проценка и да се понуди поддршка за да им се овозможи на родителите (кога тоа е можно) да се грижат безбедно за нивното дете.

## *Прилог 5: Оценување*

| **Стандард 3 : Критериуми за работа (КР)**<br>**За да бидете компетентни во овој модул, треба да приложите докази од ваша вистинска работа во следниве области:** |
|---|
| 3.1. Извршување на проценки на потребите на децата во ризик и способност за распознавање кога децата се во опасност<br>3.2. Потврдете дека вашите проценки се засноваат на теорија, набљудување на децата (и семејствата, ако е потребно) во нивните домови или места на згрижување, и врз други сигурни информации од колеги, семејства, деца и соодветни возрасни лица. Покажете способност да се справите со различни видови на злоупотреба, траума и запуштеност, со водење сметка за прашања поврзани со возраст и пол – и примери како да се работи со улични деца и деца-жртви на насилство или запуштање, и деца без родителска грижа што се згрижени во установи |

| |
|---|
| 3.3. Евидентирање на вашите проценки според постапките за вашето работно место |
| 3.4. Обезбедување на доверливост на евиденциите и документите |
| 3.5. Обезбедување на планови за поединечни деца врз основа на нашата проценка за нивната фаза на развој, нивната издржливост и вашите размислувања за праксата; покажување на ефекти од злоупотреба, траума или запуштеност врз однесувањето на децата, и како да се работи со деца со проблематични однесувања, како и работа со деца во судир со законот |
| 3.6. Редовен преглед и ажурирање на плановите за децата |

| **Стандард 3: Клучни сознанија (КС)**<br>**За да бидете компетентни во овој модул, треба да понудите докази дека ги знаете овие работи и дека сте ги вградиле во вашата пракса:** |
|---|
| 3.а Разбирање на поимот приврзување и последиците врз децата ако овој процес е нарушен |
| 3.б Форми на траума, запуштеност, загуба и разделба, и нивното физичко влијание врз децата и како делотворно да се работи на тоа |
| 3.в Начини на кои децата изразуваат чувства преку нивното однесување |
| 3.г Разбирање на поимот издржливост и како тоа придонесува кон плановите за исполнување на потребите на децата |
| 3.д Силните чувства што може да се јават кај вас при работа со деца коишто доживеале траума и како да се справите со таквите чувства |

**Портфолио на докази за Стандард 3: Разбирање на потребите на децата во ризик**

Оценката на овој модул е избор на докази кои се создаваат во Вашата работна пракса. Мора да дадете докази за сите критериуми за работа и за сите клучни сознанија.

Се очекува ова да може да го исполните со давање на следниве докази: Примерок од оценка на детето, кое е јасно известено за Вашето сознание за приврзаност и дејството на траума, запоставување, одвојување или загуба. Оценката треба да укаже на тоа кои информации биле користени во оценувањето(Ова може да одговара на КР 3.1, 3.2 и 3.3. Може да одговара и на КС 3а, 3б и 3в.)

1. Примерок од заведен работен план или детално известување што самите сте го напишале за интервенција којашто ја зема предвид Вашата оценка и која е наменета да ја изгради издржливоста на детето (Ова може да одговара на КР 3.4 и КС 3г)
2. Примерок од записник на сесија за разгледување или ажурирање која покажува како (Ова може да одговара на КР 3.5)
3. Примерок од образец за преглед еден-на-еден од Вашиот ресорен раководител каде што се забележани разговорите за тоа како се справувате со чувствата кои се јавиле при работа

со децата кои искусиле траума, запоставување, одвојување или загуба (Ова може да одговара на КС 3д)

4. Сведоштво од Вашиот ресорен раководител во кое се објаснува како ја осигурувате доверливоста на пишаните документи.(Ова може да одговара на КР 3.4. На другата страна е даден примерок за сведоштво)

## Сведоштво

| | |
|---|---|
| **Име на кандидатот** | |

| **Стандард:** | **Критериум за работа** | **Клучно сознание** |
|---|---|---|
| | | |

| | |
|---|---|
| **Потпис на сведокот:** | |
| **Потпис на кандидатот:** | |
| **Работно место:** | |
| **Датум:** | |

## План за оценка

| Име: | Модул: |
|---|---|

| Активности потребни за собирање на докази | Времетраење |
|---|---|
| | |

| | |
|---|---|
| Потпис на учесникот: | |
| Потпис на раководителот: | |
| Датум: | |